Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на ден од дневни настани 25.12.2023

На 24.12.2023 во Кавадарци, полициски службеници од ОВР Кавадарци ги лишиле од слобода Н.Р.(21) и Ш.Д.(19), двајцата од Кавадарци. При претрес во нивниот дом, извршен со наредба од Основен суд Велес, биле пронајдени и одземени пет пакувања со марихуана и едно пакување со хашиш. За настанот бил известен јавен обвинител, а лицата биле задржани во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.12.2023 во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода К.А.(25) и Б.Ј.(26), двајцата од село Черкези, кумановско. Тие се сомничат дека од И.Г., такси возач кој ги превезувал до село Черкези, одзеле пари. Лицата се приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе следуваат соодветни пријави.

На 24.12.2023 во 21.00 часот на подрачјето на Шуто Оризари, полициски службеници го лишиле од слобода Е.С.(32) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.12.2023 во 23.05 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Б.(19) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.12.2023 околу 12.45 часот во тетовската населба Дреновец, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 24-годишниот тетовец Б.Б., затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана, која во меѓувреме се обидел да ја фрли. Тој е задржан во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 24.12.2023 во 16.00 часот на Граничен премин „Меѓународен аеродром Скопје", полициски службеници лишиле од слобода четири државјани на Непал и по еден државјанин на Индија и на Бангладеш. Од слобода биле лишени Б.С.(31) од Индија и Ј.А.(22) од Бангладеш, затоа што при пасошка контрола на увид приложиле фалсификувани документи за привремен престој во Кипар. Додека, Ј.К.(41), Р.Т.(24), Р.Т. (25) и С.К.(28), сите од Непал, затоа што на увид приложиле фалсификувана виза. Лицата биле задржани во полициска станица и во службен разговор изјавиле дека документите ги набавиле од лице во Дубаи. По целосно документирање на случајот, против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 24.12.2023 во 14.00 часот на Граничен премин Долно Блаце, полициски службеници го приведе К.В.(31) од Косово. При преглед и контрола во возилото „мерцедес" со косовски национални ознаки, кое го управувал, било констатирано дека бројот на шасијата е фалсификуван. Лицето и возилото биле предадени на полициски службеници од Полициската станица Чаир и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на вчерашниот ден (24.12.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 411 возачи. Од нив 13 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 221 возило ја пречекорило брзината во населено место, а 190 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (24.12.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 200 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 128 санкции, девет мерки за возење без возачка дозвола, седум санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се шест мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло), три санкции за користење мобилен телефон при возење, четири мерки за некористење сигурносен појас...

На 24.12.2023 во 12.40 часот во ОВР Прилеп било пријавено дека на ул.„Миче Козар" во Прилеп, работна машина, управувана од малолетник од Прилеп, удрила во С.С.(18) од Прилеп. Во несреќата, С.С. се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Градска болница во Прилеп. Увид на местото извршила екипа од ОВР Прилеп.

На 24.12.2023 во 18.42 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека на регионалниот пат Р-1309, во близина на „Шумската куќичка", В.В.(47) од с.Бање, кочанско, управувајќи товарно возило „фолксваген кеди" со кочански регистарски ознаки, удрил во метален столб. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот И.М.(47) од Кочани, констатирани во Клиничка болница во Штип. Возачот В.В. бил лишен од слобода. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Кочани, а по целосно документирање на случајот против В.В. ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (25.12.2023) во 01.50 часот во Полициската станица Кисела Вода, М.Р.(32) од Скопје пријавил дека на бул.„Борис Трајковски" во Скопје бил каснат од куче скитник.

Денеска (25.12.2023) во 01.15 часот во Полициската станица Драчево, Д.Т.(58) од Скопје пријавил дека на ул. „Киро Фетак" бил каснат од куче скитник.

На 24.12.2023 во Полициската станица Карпош, во присуство на родител, бил извршен службен разговор со малолетник од Скопје. Тој се сомничи дека околу 15.45 часот на подрачјето на Карпош одзел личен предмет од друг малолетник, исто така, од Скопје. Одземното било пронајдено и вратено на сопственикот, а по целосно документирање на случајот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Х.К.(33) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". При преглед во возило „ауди", извршен на магистралниот пат Кичево-Охрид, полициските службеници кај него пронајдоа и одземаа кокаин.

На 24.12.2023 од 10.00 до 15.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Тетово спроведена е акциска контрола за превенство на минување, во рамките на која биле откриени и санкционирани вкупно 15 прекршоци (ТЕ-8 и ГВ-7). На возачите-прекршители изготвени им се предвидените поднесоци со парични глоби кои, зависно од видот и карактерот на направениот прекршок, се движат од 35 евра за недавање предност на крстосница, 45 евра на кружен тек, до 300 евра во денарска противвредност за недавање предност на други места.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против В.Б.(31) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". При преглед извршен на улицата „Владо Малески" во Струга, полициските службеници кај него пронајдоа и одземаа кокаин.

На 24.12.2023 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 16 прекршоци, од кои 10 надвор од населено место и 6 во населено место. Санкционирани биле и 11 други видови на прекршоци од кои 3 за нерегистрирано возило, 6 за управување возило без возачка дозвола, 1 за возач почетник и 1 за некористење сигурносен појас.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Д.Д.(42) поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Во текот на септември и октомври 2022 година, пријавениот довел во заблуда четири лица од тетовско и им понудил пелети, за што однапред наплатил и им ветил дека ќе им ги испорача за 10 до 15 дена. Пријавениот не ја извршил испораката и на тој начин ги оштетил за сума од 6.271 евра.

Денеска (25.12.2023) во 01.45 часот во СВР Скопје, 39 - годишна жена пријавила дека во семејниот дом во скопско село, нејзиниот сопруг И.П.(45) физички ја нападнал неа и нивната малолетна ќерка, по што ѝ се закалил со пиштол. Се преземаат мерки за расчистување на случајот, по што ќе следува соодветен поднесок.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против К.Р.(26) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 11.03.2023 на наплатна рампа „Романовце", полициски службеници извршиле преглед кај пријавениот, при што пронашле и одзеле кокаин.

На 24.12.2023 во 19.30 часот во СВР Скопје, 44 - годишна жена пријавила дека во семејниот дом на подрачјето на Карпош физички била нападната од нејзиниот сопруг Д.Н.. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против З.Ц.(61) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 25.04.2023 на регионален пат Кичево-Демир Хисар, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „фолксваген голф", управувано од пријавениот, при што пронашле и одзеле хашиш.

На 24.12.2023 во 14.08 часот во СВР Скопје, 42 - годишна жена пријавила дека во нивниот дом на подрачјето на Кисела Вода, таа и нејзиниот сопруг биле нападнати од нивната малолетна ќерка. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против В.Л. (20) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност". На 10.10.2023 во Тетово, пријавениот во домот на неговите родители предизвикал пожар.

На 24.12.2023 во 02.00 часот во СВР Скопје, С.Ф. пријавила дека во семејниот дом на подрачјето на Шуто Оризари, таа и нејзиниот малолетен син физички биле нападнати од Ф.И.. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против З.А.(22) и А.И.(18), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување пари". На 01.11.2023 во казино во Тетово, пријавените разменале 900 американски долари во апоени од по 100 американски долари, за кои подоцна било утврдено дека се фалсификувани.

На 24.12.2023 во 13.00 часот во СВР Скопје, 29 - годишен маж од Тетово пријавил дека на подрачјето на Петровец, во С.Огњанци, поради претходно нарушени семејни односи, бил физички нападнат од неговиот зет А.М.А.(32) од С.Огњанци, скопско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Р.Г.(20), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 01.06.2022 во Тетово, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 24.12.2023 во 22.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Гази Баба, поради меѓусебно нетрпение, настанала физичка пресметка помеѓу Т.С.(44) и И.С. (42), двајцата од с.Црешево, скопско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Ф.Ц.(26) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 18.09.2023 на магистралниот пат Кичево-Охрид, полициски службеници извршиле преглед над патничко возило „ауди", управувано од пријавениот, при што пронашле и одзеле предмет со остатоци од кокаин.

Денеска (25.12.2023) во 03.00 часот во СВР Скопје, П.Б.(38) од с.Трубарево, скопско, пријавил дека во с.Трубарево, поради недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против С.С.(25) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 10.12.2023 на ул.„Гоце Делчев" во Куманово, пријавениот физички го нападнал Д.Т., вработен во агенција за обезбедување на неговото работно место.

Денеска (25.12.2023) во 01.19 часот во СВР Скопје, Г.Х.(42) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Чаир неговиот малолетен син бил физички нападнат од неколку малолетници, од кои двајца познавал. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.12.2023 во 13.15 часот во СВР Тетово, малолетник од тетовско Ларце пријавил дека во тетовската населба Деребој бил каснат од куче скитник.